Врз основа на член 22 став 1 точка 13 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 29.12.2025 година, донесе

# П Р О Г Р А М А

## за туризам на Општина Битола за 2026

### 1. Промоција на активности на НП Пелистер за развој на туризмот

За развојот на туризмот на територија на општина Битола многу придонесува и состојбата на Националниот парк Пелистер. За таа цел изработени се неколку студии и имплементирани, но секако има место за нови и поиновативни. За таа цел општина Битола ќе финансира промоција на активности преземени од страна на НП Пелистер за развој на туризмот во Националниот парк на дел од изготвена Програма од нивна страна за цела 2026 година и која ќе биде доставувана на усвојување од страна на општина Битола. По завршување на известувачкиот период ( декември 2026 година ) НП Пелистер е должен да достави Извештај за користените средства до Општина Битола. Средствата за реализација на оваа Програма општина Битола ќе им ги префрлува на крајниот корисник по поднесен извештај за извршени работи. Сите овие активности се регулирани со обострани потпишан меѓусебен договор на општина Битола и НП Пелистер Битола.

### 2. Јавен повик за здруженија за спроведување на активности во врска со унапредување на туризмот

Јавен повик за здруженија од областа на туризмот (сите гранки) за активности во врска со унапредување на туризмот.

### 3. Организација на “Зимска приказна” во Битола

**ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА**

**на Програмата за туризам во Општина Битола за 2026 година**

| Ред. Бр. | шифра | Извор на приходи | Износ |
|---|---|---|---|
| 1 | 718117 | Надомест за добивање на лиценца за угостителска дејност | **4.000.000,00** |
| 2 | 717111 | Комунална такса за привремен престој | **4.000.000,00** |
| | **ВКУПНО:** | | **8.000.000,00** |

**ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА**

**на Програмата за туризам во Општина Битола за 2026 година**

| Ред. Бр. | Програма Г2 | Расходи | Износ (ден.) |
|---|---|---|---|
| 1 | 464990 | Промоција на активности на НП Пелистер за развој на туризмот | **1.500.000,00** |
| 2 | 464990 | Разни трансфери / Организација на “Зимска приказна” | **6.000.000,00** |
| 3 | 464990 | Јавен повик за здруженија за спроведување на активности во врска со унапредување на туризмот | **500.000,00** |
| | | **Вкупно:** | **8.000.000,00** |

Со оваа програма е обезбеден родов аспект преку приоритети на Општина Битола.

Структурата на поединечните трошоци во рамките на вкупно предвидениот износ ќе се определува согласно спроведените јавни набавки за истите.

Исплатата на трошоците ќе се врши од соодветните планирани ставки од Буџетот на Општина Битола.

Програмата влегува во сила *со денот на донесувањето а ќе се објави* во „Службен гласник на Општината Битола"

Бр 09-137/14
29.12.2025 год.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Битола
Бојан Бојкоски